Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект **ХОТЕЛ ЕТНО СЕЛО Младо Нагоричане** со седиште на ул. Нас. место без уличен систем Младо Нагоричане ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страницата на Владата на Република Северна Македонија.

**Образложение**

КОЛДИ ГОРАН ДООЕЛ Куманово со седиште на ул. Доне Божинов бр. 51 Куманово, поднесе барање бр. УП1 13-742 од 30.10.2018 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ ЕТНО СЕЛО, Младо Нагоричане, со седиште на ул. Нас. место без уличен систем Младо Нагоричане, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УП1 13-742 од 11.4.2019 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две ѕвезди пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 1 („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Комисијата за категоризација на угостителски објекти донесува решение за утврдување на категорија на угостителски објект.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект се издава со важност од три години.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Бр.45-4292/1**
**25 јуни 2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА**
**МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**